**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Бр. 09-1921/3
Од 18.08.2021 год.
Општина Петровец

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барање на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесено под број 09-2030 од 2021, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) го донесува следното :

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Планска програма за изработка на Урбанистички Проект вон плански опфат за населено место Катланово за формирање на градежна парцела со намена Д3.1 – спортски терени на отворено (терени за тенис и ракомет), КО Катланово, Општина Петровец, од инвеститор ДТТУ АЦЕ ТРАНС КОМПАНИ иницирана од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

Образложение

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје поднесе барање за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички Проект вон плански опфат за населено место Катланово за формирање на градежна парцела со намена Д3.1 – спортски терени на отворено (терени за тенис и ракомет), КО Катланово, Општина Петровец, од инвеститор ДТТУ АЦЕ ТРАНС КОМПАНИ.
Со барањето ја приложи следната документација

1. Предлог Планска програма
2. Барање за одобрување
3. Полномошно

Комисијата за урбанизам на Општина Петровец формирана со Решение бр. 08-478 од 23.02.2021 година, заведена под број 09-1921/1 од 20.07.2021 година по разгледување на доставената документација достави Мислење заведено под број 09-1921/2 од 20.07.2021 Иницираната постапка за одобрување на ПП од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје заведена под број 09-1921/1 од 20.07.2021 година може да продолжи и биде одобрена .
Врз основа на Мислењето од стручната комисија а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) Градоначалникот на општина Петровец донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторо, со уплата од 250 ден административна такса.

Раководител на одд.
Лилјана Величковиќ,диа
Л. Величковиќ
Liljana Velichkovikj
Digitally signed by Liljana Velichkovikj
Date: 2021.08.18 11:08:19 +02'00'

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски дипл.есс